- Здружение на угостителството и туризмот -
- Групација на бањи -
Бр. 28-3229/3
26.12.2014 година

**Б А Р А Њ Е**
**од Групацијата на бањи**
**со**
**ФИНАНСИСКА АНАЛИЗА**
**НА ТРОШОЦИТЕ СОГЛАСНО ПРАВИЛНИКОТ ЗА СПЕЦИЈАЛИЗИРАНА МЕДИЦИНСКА РЕХАБИЛИТАЦИЈА КАКО ПРОДОЛЖЕНО БОЛНИЧКО ЛЕКУВАЊЕ, КОЈ СЕ ПРИМЕНУВА ОД 01.10.2014 ГОДИНА**

Групацијата на бањи во рамките на Здружениeто на угостителството и туризмот при Стопанската комора на Македонија, на состанокот одржан на 19.12.2014 година, го анализираше новиот Правилник за специјализирана медицинска рехабилитација како продолжено болничко лекување, кој се применува од 01.10.2014 година („Службен весник на РМ“, бр.141 од 24.9.2014 година).

Имајќи предвид дека бањите ќе имаат дополнителни трошоци согласно новиот Правилник кој предвидува континуирано спроведување на специјализираната медицинска рехабилитација и за време на викенди и празници (член 13, став 2 од Правилникот), како и поради примената на природни лековити фактори – термоминерална вода (член 13, став 3 од Правилникот), Групацијата едногласно донесе Заклучок да побара од Фондот за здравствено осигурување зголемување на цената на болничкиот ден од 01.01.2015 година. Барањето се темели на сеопфатната анализа на трошоците на бањите за целосна примена на Правилникот за специјализирана медицинска рехабилитација како продолжено болничко лекување, со важност од 01.10.2014 година.

Во продолжение Ви ја доставуваме

ФИНАНСИСКАТА АНАЛИЗА
НА ТРОШОЦИТЕ СОГЛАСНО ПРАВИЛНИКОТ ЗА СПЕЦИЈАЛИЗИРАНА МЕДИЦИНСКА РЕХАБИЛИТАЦИЈА КАКО ПРОДОЛЖЕНО БОЛНИЧКО ЛЕКУВАЊЕ, КОЈ СЕ ПРИМЕНУВА ОД 01.10.2014 ГОДИНА

Дополнителните трошоци кои произлегуваат од Правилникот за специјализирана медицинска рехабилитација (Сл. весник на РМ, бр.141 од 24.09.2014 год.), се резултат на:

1. Континуирано спроведување на специјализираната медицинска рехабилитација и за време на викенди и празници (член 13, став 2),
2. Примена на природни лековити фактори – термо минерална вода (член 13 став 3 од Правилникот).

**1.** За **континуирано спроведување на специјализираната медицинска рехабилитација во празници и викенди** потребно е ангажирање на здравствени тимови во зависност од обемот на договорените здравствени услуги. Во тимот учествуваат:

- 1 лекар специјалист физијатар
- 1 физиотерапевт
- 1 медицинска сестра

Трошоците кои и сега се пресметуваат за еден тим за спроведување на специјализирана медицинска рехабилитација и пакети на здравствени услуги од физикална медицина на месечно ниво (за 168 работни часа) се следните:

**1.1. За лекар –специјалист физијатар**

Според Анексот за изменување и дополнување на колективниот договор за здравствена дејност на Република Македонија (Сл. весник на РМ бр.172 од 21 ноември-2014 год.), член 61-в,

- Коефициентите за плата од Февруари 2015 год. ќе изнесува **4,562.**
- Минималната плата од 01.01.2015 год. ќе изнесува 9,500,00 ден.
- Просечен процент на минат труд изнесува 7,5% (законски-0,5% годишно, земени се 15 год, работен стаж како просечна вредност на здравствените работници и соработници).
- Патни трошоци 1.600,00 месечно по работник.
- Трошоци за исхрана 4.229,00 месечно по работник.
- Придонеси и даноци 70% од платата (бруто плата).
- Не споменати трошоци непосредно поврзани со докторот - специјалист (работна облека, заштитни средства,едукација, итн.) -5% К-15, 8.500,00 (минимално) по работник без пресметан персонален данок.

Согласно наведеното, пресметката покажува дека на месечно ниво еден доктор специјалист физијатар чини околу **102.065,00** ден., или **607,50** денари за работен час. Следи пресметката:

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 4,562 | x | 9.500,00 | = | 43.339,00 |
| 43.339,00 | x | 7,5% | = | 46.589,00 |
| 46.589,00 | + | 1.600,00 | = | 48.189,00 |
| 48.189,00 | + | 4.229,00 | = | 52.418,00 |
| 52.418,00 | x | 70% | = | 89.110,00 |
| 89.110,00 | x | 5% | = | 93.565,50 |
| 93.565,50 | + | 8.500,00 | = | 102.065,00 |

Месечниот трошок за доктор специјалист физијатар, поделен на работните часови во месецот чини:

102.065,00 ден. : 168 часа/м = **607,50** денари за работен час

**1.2. Терапевт**

Според Спогодбата за изменување и дополнување на колективниот договор за здравствена дејност на Република Македонија (Сл. весник на РМ бр.60 од 30 Април 2010) за занимања од V/2 група на сложеност изнесува **1,887.**

Пресметката која е во прилог покажува дека на месечно вкупниот трошок за терапевт е **53.303,50** ден., или **317,00** ден, работен час. Следи пресметката:

1,887 x 9.500,00 = 17.926,50
17.926,50 x 7,5% = 19.270,00
19.270,00 + 1.600,00 = 20.870,00
20.870,00 + 4.229,00 = 25.099,00
25.099,00 x 70% = 42.669,00
42.669,00 x 5% = 44.803,50
44.803,00 + 8.500,00 = 53.303,50

Месечниот трошок од 53.303,50 ден. : 168 часа/м = **317,00** ден, работен час.

**1.3. Медицинска сестра**

Трошокот е исти како и за терапевт. На месечно вкупниот трошок за медицинска сестра е **53.303,50** ден., или **317,00** ден, работен час.

Согласно пресметките за секој поединечен чинител во тимот се добива збирна вредност на работен час на еден тим кој работи во бањите, а тоа е: **607,50 ден, (**лекар специјалист физијатар) + **317,00 ден.** (физиотерапевт) **+ 317,00 ден.** (медицинска сестра) **= 1.241,50** ден. вредност на тимот за еден час.

Имајќи во предвид дека со новиот Правилник за специјализирана медицинска рехабилитација (Сл. весник на РМ, бр.141 од 24.09.2014 год.), а согласно кој бањите треба да нудат услуги секој ден без оглед на празници и неработни денови, трошоците за дополнително ангажирање на лекарските тимови се следни:

- Програмата на неработни денови за 2015 год. Согласно законот за празници на Р.М (Сл. весник бр.21/98 и 18/07) истакнатата на веб страната на Министерството за труд и социјална политика на Република Македонија - земени се 21 ден.
- Во текот на годината има 52 саботи.
- Во текот на годината има 52 недели.

Пресметката е:

21 празнични ден. + 52 саботи + 52 недели = **125** допол. дена за работа

125 дена х 8 ч = 1.000 часа дополнителна работа

или

**1.000ч допол. работа х 1.241,50 ден. (цена на тим за час) = 1.241.500,00 ден., пари потребни за дополнителни 1.000 часа во годината**

Бројот на тимови ангажирани по овој основ во сите 4 бањи ќе биде одреден според договорениот вид и обем на работа, на секоја бања посебно.

Еден тим во просек покрива 43 пациенти дневно, или 125 допол. дена за работа х 43 пациенти = 5.375 дополнителни активности

**Оттука 1.241.500,00 ден. : 5.375 = 230,00 ден. поголем износ на цената за еден пациент согласно програмата за специјализирана медицинска рехабилитација како продолжено болничко лекување**

**2.** Второ дополнително право кое произлегува од Правилникот за специјализирана медицинска рехабилитација како продолжено болничко лекување е **примена на природни лековити фактори (термоминерална вода).**

Бањите се концесионери за експлоатација на термоминерална вода. Обврските кои произлегуваат од тоа се однесуваат на плаќање надомест кон Министерството за економија на Република Македонија од секој м3 потрошена вода и просторот за експлоатација, чии износи (цени), се одредени во Тарифникот за експлоатација на минерални суровини. Потрошувачката на термоминерална вода се плаќа квартално а просторот за експлоатација се плаќа еднаш во текот на годината.

Согласно сето ова пресметката е следна:

- Издашност на извор 5 лит./сек (просечна вредност) х 60 (секунди)=300 литри во минута; 60(минута) х 300 лит. = 18.000 литри; 18.000 литри х 24 часа (ден и ноќ) = 432.000 лит.(432м3); 432.000 лит. х 365 (год.) = 157.680.000 лит. (157.680м3)
  157.680 м3 х 5,311 ден. = 837.438,00 денари цена на вода за цела година
  157.680м3 х 7,00 ден = 1.103.760,00 денари и како вода за пиење
  По основ на простор 200.000,00 денари на годишно ниво
  Сите овие трошоци заедно изнесуваат **2.141.198,00 денари или 34.816 евра, за Министерство за економија (по тарифник).**
- Одржување на извор, траса, и базени и нивна амортизација.
  571.067,00 денари, средства за плати на годишно ниво за тројца работници.
  314.504,50 денари, средства потребни за замена на оштетени пластични цевки и хемиски средства за чистење на истите.
  306.120,00 денари, средства за проширување (рајбување) на изворот.
  60.000,00 денари, амортизација на системот.
  100.000,00 денари непредвидени трошоци
  Вкупно трошоците за одржување на извор, траса, и базени и нивна амортизација изнесуваат 1.351.691,5 денари

Вкупните трошоци на бањите по основ на примена на природни лековити фактори (термоминерална вода), заедно чинат:

2.141.198,00 денари + 1.351.691,5 денари = **3.492.889,00 денари**

Ако се има во предвид дека вкупниот број на искористеност на хидро терапија со термоминерална вода е 27.013 пати искористеност за 2013 година, се добива податокот 2.492.889,00 ден. : 27.013 пати искористеност =**129,00** ден. трошок по едно користење

Согласно направената пресметка, ако на првично пресметаната цена од **1.241,50** ден. вредност на тимот за еден час, се додаде пресметаната вредност за работа на празници и неработни денови во износ од **230 денари по час**, како и трошокот за примена на природни лековити фактори (термоминерална вода), во износ од **129,00** ден. трошок по едно користење, се добива дека трошокот на бањите за еден болнички ден за пациент согласно Правилникот за специјализирана медицинска рехабилитација како продолжено болничко лекување, кој се применува од 01.10.2014 година, треба да изнесува:

1.241,50 + 230,00 + 129,00 = 1.600,00 денари за час

x 9% (144,00 денари) = 1.658,00 денари трошок за еден час на еден лекарски тим

На износот од 1.600,00 денари се додаваат и инфлаторните движења од 9% за последните 3 год. бидејќи за овој период не е коригирана цената на болничкиот ден,

1.600,00 ден/час x 9% (144,00 денари) = **1.744,00 ден. трошок за еден час на еден лекарски тим**

Оттука, Групацијата на бањи при Стопанската комора на Македонија **предлага, *болничкиот ден - специјализирана медицинска рехабилитација како продолжено болничко лекување да изнесува 1.744,00 денари*.**

**Се надеваме дека ќе ги земете во предвид наште барања и доколку има потреба ќе биде реализирана средба на која сме подготвени уште подетално да го елаборираме ставот на Групацијата.**

Претседател на Групацијата на бањи,
Д-р Мишо Михајловски, с. р.